Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

**Архивски број:** 08-291/2
**09.05.2023**

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 291 од 07.04.2023 година, поднесена од Синдикат на Полицијата во Македонија претставуван од претседателот [redacted] за оспорување на одредби содржани во Колективниот договор на Министерствотто за внатрешни работи, врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), на 09.05.2023 година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. . 08 – 291 од 07.04.2023 година, поднесена од [redacted] во Македонија претставуван од претседателот [redacted] за оспорување на одредби содржани во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи **заради ненадлежност**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 07.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка од [redacted] во Македонија ( во понатамошниот текст СПМ) претставуван од претседателот [redacted] за оспорување на одредби содржани во Колективниот договор на МВР склучен со Македонскиот полициски синдикат (во понатамошниот текст МПС). Имено, СПМ во претставката наведува дека ја оспоруваат уставноста и законитоста на одредбата од новододадениот став 2 во членот 276 од Колективниот договор на МВР ( Сл.весник на РСМ 54/2023) врз основа на дискриминација и одредби од договорот за кои сметаат дека се во спротивност со одредбите во Уставот на Република Северна Македонија и Законот за работни односи. Во претставката тие наведуваат дека измените во погоренаведениот член од Колективниот договор на МВР се во целост спротивни на членовите 9 и 37 од Уставот, но и на членовите 6, 184, 185, 186, 198, 199 и 200 од Законот за работни односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација работи во согласност со законските надлежности утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, утврдени во членот 21. Оттука, Комисијата нема надлежност да утврдува уставност и законитост на поединечни акти, бидејќи во рамките на нашиот правен систем, само Уставниот суд ја има таа надлежност.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател

Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]

2. Архива на КСЗД